**Васил Толевски**

# ВРЕЛИ МРАЗОВИ

*антологија на македонскиот афоризам*

МАКЕДОНИЈА ПРЕЗЕНТ

БИБЛИОТЕКА *АУРА*

**Васил Толевски**
**ВРЕЛИ МРАЗОВИ**
***антологија на македонскиот афоризам***

Издавач:
"МАКЕДОНИЈА ПРЕЗЕНТ"
Скопје, ул. "29 Ноември" бр.35
тел./факс: 3246-193; 3246-216; 3238-036

За издавачот:
*доц. д-р Христо Петрески, директор*

Уредник и компјутерска подготовка:
*Светлана Ивановска*

Скопје, 2013

*Ова издание финансиски е помогнато*
*од Министерството за култура*
*на Република Македонија*

# ЗБОР НА СОСТАВУВАЧОТ

Во ниту една книжевна форма зборот нема таква маѓепсничка сила каква што ја има во сатирата, а особено во афоризмот. Од божја благост па сè до тиранска жестокост. За жал, македонската литературна критика не посветува речиси никакво внимание на оваа книжевна форма, иако во светот афористиката зема сè поголем замав. Оваа остра книжевна форма, поради можноста за политичко делување или можеби поради природата на своето постоење, се наоѓа на маргините на литературното творење и живеење. Блискоста со поговорката како народна умотворба, со сентенцата, со кратката мисла, па и со епиграмот, ја нарушува рамнотежата и ја отапува силата на вистинскиот афоризам.

Афоризмот го препознаваме како кратка книжевна форма, концизна, мудра мисла, искажана духовито, која во себе содржи иронија, сарказам, глобален парадокс, пресврт и на крајот содржајна поента, која го оправдува постоењето на самиот афоризам. А помеѓу сето тоа, силата ја црпи од навлегувањето во полето на филозофското размислување, политичкото (сатирични) или обработка на љубовните размислувања (еротски). Не ретка е и појавата на тематски афоризми, еколошки, воени, социјални, вински итн.

Сигурно дека како составувач на оваа антологија, немам намера да правам историски осврт на

прапочетоците на афоризмот, туку едноставно, на македонската јавност да ѝ го претставиме богатствата на духот на македонските творци во овој вид на творештво.

**Кои се тие македонски творци?**

Секако оние кои се родени во нашата земја и кои во неа живеат и живееле, создаваат и создавале, но и оние кои се родени тука, а животниот пат ги одвел во други средини каде што продолжиле да творат, сега веќе црпејќи инспирација од тамошното опкружување. Во ваквиот начин на размислување можно е да се поткрадне одреден пропуст кој е својствен на секој антологичар.

Тешкотијата при составувањето на оваа антологија произлегуваше и од фактот дека поголем број од застапените автори повеќе воопшто не творат. Нивните пера не затапиле, туку едноставно: условите за развојот на сатирата им го отежна творењето, до фаза на неможност да објавуваат. Во овој момент, во нашата земја не постои ниту едно списание, весник, хумористчно-сатирична рубрика или каков и да е простор, каде што македонските автори би можеле да ги презентираат своите творби.

Анализата за ваквата состојба во која западна сатирата е беспредметна и нема да придонесе за поквалитетно претставување на македонските афористичари. Причините за ваквата состојба може да бидат предмет на едно социолошко истражување, чиј резултат веднаш може да се насети: политиката како фактор за развој на едно општество, всушност е најголемиот кочничар за демократските придобивки.

При одбирање на афоризмите се водев од критериумот на квалитетот и естетското сублимирање на мислата - поентата. Секако дека читателот, кој ја следи афористиката, можеби ќе ми забележи за шаренoликост во квалитетот. Тоа е плод на мојата желба на јавноста да ѝ претставам што повеќе афористичари кои твореле и кои дел од својот живот биле окупирани со најубавиот книжевен род - афористиката. Квалитетот на селектираните афоризми варира од автор до автор, што на некој начин е нивелирано со количината на застапени афоризми од одреден автор.

Македонскиот афористичарски врв е застапен со 25-30 (и помалку) афоризми, додека оние, кои биле помалку експонирани во јавноста, ги преставувам со по 4-5 афоризми. Застапеноста на авторот, не ретко е и околност која е диктирана од количината на расположлив материјал што го има антологичарот.

Голем број на објавени антологии содржат и по еден афоризам од автор, како што е кај најголемиот словенечки афористичар, Жарко Петан, во неговата мини-антологија **„Паметните"** (***Та памешне***). Селекција од по 5 афоризми по автор се појавува во Антологијата на црногорскиот афоризам, направена од страна на најголемите црногорски автори, Саво Мартиновиќ, Вељко Рајковиќ и Дејан Тофчевиќ, **„Ретки честички"** (***Ријешке часшице***).

Еден од најголемите српски антологичари, Витомир Теофиловиќ, својата антологија на српскиот афоризам, **„Случаен примерок"** (***Случајни узорак***), ја состави по принципот на еднаков број афоризми за секој автор (по единаесет афоризми). Најдобриот светски афористичар и српски антологичар, **Александар Баљак,** во својата антологија на српски-

от афоризам **„Историја на афокалипсата" (*Истори-ја афокалипсе*),** има многу широка лепеза на авторска застапеност.

Слична стратегија на конципирање на антологија сретнуваме и кај Јово Николиќ и неговата антологија на афоризми од Босна и Херцеговина, **„Протести на мозочната маса"** (***Протести мождане масе*). **Ѓорѓе Оташевиќ со своите непристрасни антологии стана синоним за издавачката активност од овој тип на Балканот, каде застапеноста на авторите варира во зависност од нивната моментална експонираност.

Додека кај американскиот антологичар од поново време**, Џејмс Гери** во **Светската антологија на афоризмот** и кај **Александар Шојхер (Русија)**, не постои статистичко правило, туку авторите ги преставуваат по сопствено видување.

Не можев да прифатам ниту еден ваков концепт, па отидов на интуитивно групирање на авторите, за што секако ќе бидам и критикуван од одредени автори. Но, ако се земе фактот дека во оваа антологија се застапени повеќе од 70% воопшто појавувани афористичари во Македонија, ќе нема место за незадоволство и себичност. Дури очекувам обратна реакција - некои афористичари пријатно ќе се изненадат кога ќе се сретнат во оваа антологија, иако имаат многу краток афористичарски век. Посебно дел од авторите кои се појавуваат на страниците на нашиот весник за хумор и сатира "**Остен",** по неговото обновување во 2010 година. Тоа нека им биде поттик за нивно понатамошно ангажирање и работење на полето на хуморот и сатирата. Тоа е и мала благо-

дарност за тоа што се нурнале во длабокиот свет на мисловноста и создавале бисери кои сега повторни ѝ ги презентираме на читателската јавност. Се надевам дека ова ќе биде поттик и за потенцијалните, нови автори, да помогнат повторно да заживее сатиричната мисла, за повторна ренесанса на македонскиот афоризам.

На антологиите од вака широк формат мора да се гледа како на историски приказ, но и како на можност за афирмација на целокупното творештво на овој мал простор, кој некогаш раѓал елитни афористичари.

Насловот **„Врели мразови"** ја дава магичната моќ на афоризмот, како жигосувач на општо познатите неправди, да нè доведе во состојба на благ мир, поради фактот дека со малку зборови сме кажале сè. Нашиот македонски роман раскажан во една или две реченици. А сето тоа, за литературна наслада на читателот.

**За крај:** Знам дека во оваа антологија некој ќе најде забелешка за правилниот избор на афоризми, други за бројот на застапени афоризми со кој се претставени, трети затоа што воопшто не се застапени... **Но, за сите нив:** Да бидеме задоволни што најдовме сила, со заедничка работа, на јавноста да им го презентираме она што заедно нè поврзува - **македонскиот афоризам.** А во некоја друга прилика, можеби друг составувач ќе ги поправи моите грешки, од кои не се оградувам и се подложувам на јавна критика, како од афористичарите така и од некој книжевен критичар кој ќе се заинтересира за афоризмот.

За литературните критичари...

Жално е и несфатливо, литературните критичари да не ја сфатат максимално прокламираната поента дека - **Цело е кога има сѐ**. **Без македонскиот афоризам и македонската литература не може да биде комплетна.**

Сепак, за мене како составувач, судот на читателот ќе биде најмеродавна оценка за проодноста на проектот.

***Васил Толевски***

## ЈОВАН АЛАЃОЗОВСКИ
(1939, Берово)

Јас сакам да ми се исполни првата желба -
а не последната!

Нашите визионери се докопаа
до светлата иднина -
благодарение на слепците.

Арамиите се помеѓу нас -
спијте со отворени очи.

Од секоја бука не бива вретено,
но функционер - да!

Тој што се крсти во народот -
раскрстил со крстот.

## **МИТКО АЛАЧКИ**
(1946, Владимирово)

Ги менувам Боговите денес,
за да не ја менувам верата утре.

Вкотвените влечат кон дното.

Во предворјето на пеколот
има најмногу надеж.
Таму сите ја оставаат.

Грешните ангели одат во пекол,
успешните ѓаволи во рај.

Внимавајте на линијата -
народот сè потешко ве носи!

Пред да се лизне,
ја оцени ситуацијата како стабилна.

Нашата судбина е
во нашите скрстени раце!

Паднатите ангели
стануват најголеми атеисти.

Правото на сон не ја исклучува
обврската за будење.

Ако го свиткате грбот,
ќе ви се качат на главата.

## МИХАИЛ АНДРЕЕВ
(1939, Велес)

Многу деца на револуцијата
станаа лоши татковци на социјализмот.

Да се преструиме,
вие од првите редови
излезете напред.

Безличните најмногу
го покажуваат своето лице.

Сиромав, падна во дупката
што му беше во главата.

Од сите десет прсти на рацете,
показалецот ќе ја одигра историската улога.

Постигна многу во животот,
од рацете направи плукалница.

На сите што се колнат во својата земја,
треба да им се побара тапија.

Поради каменот, ние и на Сизиф
би му измислиле работно место.

Критиката најсилно одѕвонува
во празна глава.

Од одумирањето на државата
најмногу ќар ќе имаат гробарите.

## МАРЈАН АНЃЕЛОВСКИ
(1987, Скопје)

Сè додека сме под капата на оваа власт,
ќе гледаме вошки!

Неколку министри ја напуштија владата.
Од будалите и лудиот бега.

Пламна народот кој е под нозете на власта.
Сега на власта и гори под нозете!

Власта нѝ помогна да не ја
почувствуваме кризата на своја кожа.
Нѝ ја одра кожата!

Власта имаше волшебно стапче.
Волшепството исчезна
а на народот му остана - стапот!

Не одам повеќе по политичарите.
Не ми се оди по ѓаволите!

Убавиот збор железни врати отвора.
Штета што сите соседи имаат дрвени порти!

Во продавницата за погребна опрема
работам со љубов.
Да можам, сите би ги услужил.

Ми побегна и последниот воз.
Затоа и скокнав под автобус!

Прегазија многумина.
А ветија дека и нам ќе ни излезат во пресрет.

# ДРАШКО АНТОВ

(1938, Скопје)

Има преразвиен слух.
Не за музика, туку за бизнис.

Сакаш да бидеш патриот?!
А што правиш со децении во Германија?!

Војната може да почне.
Веќе имам непријатели!

Тој секогаш се бореше за својот живот,
а умре без борба!

Подобро една мува во супата
отколку во главата.

## ЈАНЕ АТАНАСОВ
(1954, Костин дол)

Кога ќе те дотераат до питачки стап,
не ти преостанува ништо друго,
освен да ја ставиш главата во торба.

Предизборна порака до политичарите:
Престанете да ми се додворувате,
не сум хомосексуалец!

Обичните луѓе заспиваат броејќи овци,
а политичарите - броејќи изедени јагнињa.

Што ми вреди што сум на коњ
кога ме јаваат како магаре.

Сѐ појасно забележувам
дека сѐ послабо гледам.

Ретко се случува онаму каде што тече пот,
да тече мед и млеко.

Неговото семејно стебло
фрли сенка врз неколку претпријатија.

Судејќи по посмртните говори,
на светот има само ангели.

Откако ги промовиравме во господа,
многумина заборавија дека бевме другари.

И јас ќе бев перспективен,
да бев нивен.

## САШО БЕТОСКИ
(1976, Вевчани)

Кога на државниот апарат
му треба ремонт,
најдобар мајстор е народот.

Народе, не кревај го гласот.
Државата спие.

Нам не ни треба сенка.
Одамна сме изгорени.

Премиерот не е виновен
што е народот без работа.
Народот е виновен
што е премиерот на работа.

Кој вели дека власта е глува,
кога нон-стоп ме прислушкува?!

## ТОДЕ БЛАЖЕВСКИ
(1948, Скопје)

Тешко на онаа држава
што е богата со сиромаси.

Она што е добро за другите,
никогаш не е добро за добрите.

Богатите секаде се исти,
а и сиромасите секаде се исти.
Само богатите и сиромасите
никаде не се исти.

Најискрено се одговара
на непоставени прашања.

Најголема е онаа глупост
што ретко се прави.

## ИВАН БОЈАЏИСКИ
(1943, Скопје)

Комунистите се откажаа од Маркс,
ама не заборавија
да си го задржат - капиталот.

Политиката е како курва.
Ама курвата не признава никаква политика
зашто практикува чиста пазарна економија.

Само крадецот има право да тврди
дека живее од своите десет прсти.

Навистина, Шекспир е голем автор на трагедии,
но и нашиве раководители не се за потценување.

Другари, бидете храбри и кренете ги
боевите глави нагоре!

## МИЛЕ БОЈАЏИСКИ
(1953, Виница -2005)

Штом на народот ќе му засвират цревата,
први орото го напуштаат политичарите.

Оние на најистурените позиции
најдобро знаат колку ни се загубите.

Секој атеист искачен на Олимп
добива статус на Бог.

Не е важно каков е државниот грб -
туку колкав товар ќе носи.

И јас би ја накривил капата,
само не знам каде ми е главата.

Не одврзувајте го јазикот,
ќе ви ги заврзат цревата.

Тешко ќе не одведат во подобра иднина
оние што ни го растурија минатото.

Го поделивме нашето мислење.
Секому по ништо.

Лесноумните никогаш нема да пропаднат
во море од проблеми.

Едно време ни фрлаа коски за да не лаеме.
Сега кога лаам без престан, немам ни за коски.

## **САШО БРАЖАНСКИ**
(1956, Скопје)

Мртва трка: коњот победува,
јавачот го прима ловорот!

Не потпирајте се на него.
Свежо е обоен.

Кутрите човекојадци,
колку е еднолична нивната исхрана.

Повеќе не зборува сам со себе.
Се чувствува навреден.

На ситната риба не и е потребна
посебна мамка - таа голта сè.

## **КИРЕ ВАСИЛЕВСКИ**
(1955, Велес)

Кој го бара крајот на почетокот
- не ќе стигне ни до средина.

Заминаа во историјата
а не ги ни запишаа во неа.

Колку ви се подолги рацете,
по правило, покуси се ракавите.

Со партиска полиција
никогаш не влегувајте во коалиција!

Зборува бистро а лови во матно.

## ЕФТИМ ГАШЕВ
(1925, Скопје)

И коњите имаат пасоши!
Само тројанскиот е со двојно државјанство.

Мочковците знаат од каде вее ветерот!

Во Европа секое ќоше е културно катче!
На Балканот ќошето е за мочање!

Да сме во времето на Александар Велики,
Европа ќе коленичеше за влез во Македонија!

И Западот има суперлатив!
Дивиот Запад!

Сигурно влегуваме во НАТО!
Некој ќе мора да им ги чисти пиштолите!

Кога издржавме пет векови,
ќе ги издржиме и неговите пет минути!

Ние сме библиска земја!
Имаме Голгота, Јуди и Пилати.
Имаме народ за распетие!

Тие што некогаш разнесуваа млеко,
денес ја разнесуваат државата!

Додека слободата е во дизгините,
човекот е само коњ!

Некогаш студентите беа бојни труби,
а денес се најобични свирчиња!

Секоја крчма има свои патриоти!

Атентаторите се со рејтинг!
Имаат работа со големи луѓе!

Откога умре му се виде големината!
Сандакот едвам го собра!

Додека имав идеал се борев за слобода!
Денес имам слобода ама немам идеал!

Колку демократијата е поголема
толку пендракот е помал.

Што ако никого не отепал
кога мнозина закопал.

Кај што има апостоли
има и Јуди.

Страден народ
и на килав татко се радува.

Кучешка верност.
Никој ниту да залае.

## СТАМЕН ГЕОРГИЕВСКИ
(1942, с.Мушково)

Војните ни носеле вошки,
а последната - пратеници.

Се раниме со трошки,
затоа нè газат како мравки.

Воловите нѝ се расни,
не ги бива за орање.

Нè хранат со леќа и велат
дека сме прости како грав!

Избравме јавачи,
сега тие ќе избираат коњи.

Тој што со народни пари изградил палати и вили,
ќе очекува гости со стапови, лопати и секири!

Кој одгледува полноглавци
ќе му крекаат жаби.

Господ и политичарите се еднакво сиромашни -
имаат само народ кој им верува.

Престанете да ги апсите крадците,
ќе останеме без политичари.

Откако стана магаре со змиска глава,
ни го стесни изборот.

Тие што ја ставија црквата надвор од државата,
најчесто се во неа.

Државата не нѝ е банана,
а најмногу нѝ се насладуваат - мајмуни!?

Голораки извојуваа победа
над - гологаз народ.

Сѐ уште сме лулка на цивилизацијата,
иако повиваме нецивилизарани.

## ЗОРАН ГРОЗДАНОВСКИ
(1951, Скопје)

Би расправале и за својата одговорност,
ама немаат кворум.

Откако сè претворија во пепел,
ни го ветуваат Феникс.

Секоја партија тврди дека има таков кадар
каков што нема во цела Македонија!

Ако продолжи притворањето,
опозицијата и буквално
ќе има Влада во сенка.

Чистотата е половина здравје,
ама етничката - болест.

## БЛАЖЕ ДОКУЛЕВСКИ
(1953, Битола)

Изјава на еден џелат:
Без алат нема занает.

Сенката на човекот е црна
оти најчесто се срами од него.

Гологлавите најчесто
ја имаат мувата на главата.

Кога лудиот попушта
паметните - полудуваат.

Нашите пријатели се тука блиску -
веднаш до нашите непријатели.

Жално е што луѓето пишуваат мемоари
дури откако ќе станат склеротични.

Да беше денес жив Гоце Делчев,
ќе го испратеа во Хаг.

Книгата повеќе ја користевме
кога не беше пронајдена тоалетната хартија.

Народ што зависи од мајмуни,
останува со гол газ.

Во социјализмот многумина спиеја,
во капитализмот - сите сме во кома.

## ВИТОМИР ДОЛИНСКИ
(1961, с.Јабланица)

Идеал на секое дрво е
да стане - национален парк!

Квантитетот раѓа квалитет...
за да има што да - уништува!

Најмногу се зборува меѓу редови
таму каде што се тие - најдолги!

Најзаслужно за родната земја кај нас
сè уште е - ѓубрето!

Пролетери од сите земји - отселете се!

Заедно сме посилни,
рече ајкулата и го голтна - сомот!

Најзаслужни за кризава сме,
горе-долу, сите. Особено - горе!
И цената ќе ја платиме,
горе-долу, сите. Особено - долу!

Сè се врти во круг,
само функционерите - ротираат!

Рефератите успеваат најмногу онаму
каде што не успеале - букварите!

## КОНСТАНТИН ДОРАКОВСКИ
(1949, с. Љубојно)

Толку го стегаше ременот,
што најпосле го врза околу вратот.

Како да ги пребродиме тешкотиите
кога ни тонат бродовите.

Копаше по своето минато
и пронајде - глупости.

Ќе те праша староста кај ти беше младоста -
рече петелот и се пикна во кокошарникот.

Каде што цвета глупоста,
плодовите секогаш се зелени.

## СУЗАНАЃОРЃИЕВСКА
(1961, Прилеп)

Ни мирната совест нема мирен сон
ако цревата кркорат.

За многу наши петли
политиката е добро буниште.

Ништо не даваме -
само сегашноста и иднината.

Македонија е конецот,
Европа е платното - се бара везилката.

Се прашувам: Како нѝ остана,
по толку многу лижење, јазикот неизлижан?

## ХРИСТО ЃОРЃИЕВСКИ - СПАНАЌОТ
(1954, Битола)

Тој подава рака само кога зема.

Лесно се бега кога те држат за збор.

Оние што удираат,
најчесто се прават удрени.

Рушам сè пред себе - градам кариера.

Цитирајќи, го напиша
своето животно дело.

Во туѓиот живот обично се мешаат
оние што го загореле својот!

Колку поголем камен си,
толку потешко пропаѓаш.

Човекот се движи за да не заборави да оди,
а лази за да не го заборави потеклото.

Крвта не е вода: во зоолошката градина,
мајмуните се најпосетени.

Обично туѓите валкани алишта
се перат во наша уста.

## НАТАШАЃОРЃИЈОСКА
(1985, Делчево)

Кај нас само на питачите
Сè им поаѓа од рака.

На тие што народот им е постојано в уста ,
не му кркорат цревата.

Тој се вртеше во круг, а тие
го прогласија за центарот на светот.

Кога политичарите се закон,
ништо од правна држава.

Зад голиот народ стојат секогаш
перверзни политичари.

Оној што си ги оближува прстите,
никогаш нема да остане со прстот в уста.

Во очите на власта народот е слеп.

Не нѝ даваат да дишеме ,
постојано не влечат за нос.

Правдата е спора, затоа сите ја газат.

За да биде во центарот на вниманието
дозволи да биде мета.

# МИЛЕЃОРЃИЈОСКИ
(1957, Кичево)

Каква стока сме најдобро знаат
оние што не молзат!

Не пасеме сите трева.
Некои држат диета.

Би го ставил прстот на чело,
ама се плаши да не остави отпечатоци.

За заспаниот патриот
и химната е приспивна песна.

Онаму кај што сите влечат на своја страна
нема кој да повлече.

Кучињата се познаваат по лаењето
а луѓето по кучешкиот живот.

Копнеејќи да стане дете на среќата
никогаш не порасна!

Неговата стопанска биографија
може да се прераскаже со едноминутно молчење!

Кај нас по мирисот се познава
од која страна дува ветрот!

Прво научи да пливаш,
а потоа крши го мразот.

При толку вампири ризично е
човек да се фали со свежа крв!

Тапкајќи нè по раменици
не нѝ дозволија да мрднеме од место!

Вистината е една, а толку многу партии.

И раката на правдата има среден прст.

Не оставаат ништо написмено.
Се плашат да не ги прочитаме.

Не знам што ќе јадам денес.
Не сум пророк.

Ние нема да му платиме на попот.
Нас ќе не погребаат политичарите.

Не ни̂ го свртеа грбот. Туку вратот.

Знаат дека нема каде да одиме.
Затоа и нѐ пратија во мајчината.

Никако да обезбедат кворум.
Не се со сите.

Не оставаат ништо написмено.
Се плашат да не ги прочитаме.

И свињите имаат вкус.
Не јадат помија од исперени мозоци.

Ние никогаш нема да бидеме
најголема нудистичка плажа на светот.
Немаме излез на море.

Нема веќе човекојадци.
Сите преминаа на здрава храна.

Не сум ни за Антички Македонци.
Ниту за стари Словени.
Јас сум за нешто помладо.

## ГРАДИМИР ЗДРАВКОВИЌ
(1950, Скопје)

За кариера не е потребна математика,
доволно е да сметаш на туѓите два прста.

Втората фаза од стегање колан е
стегање заби.

Факт е дека на мене, освен татковината,
смета и статистиката.

Подобро е да ви ја симнувам капата
отколку да ми ја кроите.

Тешко е да тргнеш од себе
кога си на целта.

Секогаш удираме по мал човек,
додека е мал да се научи.

Хигиената расте.
Помалку плукаме во рацете.

Тапкањето во место честопати
погрешно се оценува како стоење на зборот.

Изведуваме квалитетно дрво.
Тоа се гледа од пенушките.

Ако од оваа кожа не се излегува,
превентива е да станеш дебелокожец.

## ДИМИТАР ИЛИЕВ - ВИЛАЗОРСКИ
(1953, Велес)

Само што ќе замижам,
пред очи ми излегуваат оние
што не можам да ги гледам.

Не можеме да застанеме на нозе.
Постојано ни потставаат сопки.

Сѐ што нѝ се случува зад грб,
нѝ се случува затоа што немаме грб.

Некои господа имаат шанса
да станат херои, ако ја ослободат
татковината од себе!

Прв знак дека си изгубен:
никој не те бара!

## ИЛИЈА ИЛИЕВ
(1970, Струмица)

Во името на народот
има најмногу однародени.

И потковицата на среќата
е дел од нечие копито.

И на мртвите Македонија им е над сè!

Македонија нема време за чекање,
веќе половината отиде за Австралија.

Дебелината е доказ за лојалност.

Немаме време да мислиме на иднината,
си имаме свои проблеми.

Хуманитарната приредба за мравките
ја одржаа штурците.

Лесно е да чукаш празна слама
ако си добро назобан.

Ни цензорот не би можел да брише,
ако не се наоѓа во нечии раце.

## ДУКАН ЈЕЛЕН
(1937, Бор - 2009)

Не врзувајте го човекот со синџир -
ќе почне да каса!

На слепиот Водач не можеш
да му ја кажеш вистината во лице.

Излезете од бункерите -
со дефанзива не се победува.

Умот царува!
Свршивме со царевите.

Покрај толку гласачки машини
избирачот станува вишок.

Ако сакаш да загинеш за татковината,
не барај и таа
да го направи истото за тебе.

Колку си поситен толку полесно
поминуваш низ сито.

И за свежа крв
треба некој да се жртвува.

Неписмениот водач не знае
каде треба да стави точка.

Секој џелат крваво
го заработува својот леб.

Лансиравме некои луѓе,
а сега не можеме да ги спуштиме на земја.

И неразвиениот крај
може да има развиен почеток!

Празната глава
најлесно се издава под кирија.

Сега гледаме дека не дигаше само два прста!

Милионер,
како тоа некомунистички звучи.

## НАУМ ЈОВАНОВСКИ
(1939, с.Долно Дупени)

Крадењето на многу функционери
им стана професија.

Партијата е она
што ги одделува луѓето од животните.

Има луѓе кои вистината ја кажуваат
под дејство на фотелја.

Пиеше поради тоа што мислеше
дека во виното е вистината за откупот на грозјето.

Гладна кокошка просо сонува.
Најадената сонува рерна.

## ВЛАДО ЈОЦИЌ
(1938, Пожаревац - 2010)

Кога светот би нѐ познавал,
би имал повеќе од седум чуда.

Забранет е увоз на свинско месо.
Миграцијата на работници
се одвива нормално.

Трутот остана в кошница.
Пчелите одговараат за групашење.

До крајот на годината се очекува
голем прилив од штедните
во партиските книшки!

Конзилиумот констатира
професионална деформација:
и на двата прста имаше - нишан!

## ИВАН КАРАДАК
(1947, Охрид)

Зборувај македонски - молчи!

Многу истории се запишани во каменот,
но и многу камења во историјата.

Кај што е џунгла
највисоко се качуваат мајмуните.

Толку го збунивме непријателот,
што почна да се претставува
како - Македонец!

Во Македонија
криминалците живеат идеално
а работниците - криминално!

Сточарскиот занает
го имаме во малиот прст.
Знаеме да матиме,
молземе и стрижеме.

На некои наши политичари
не им верувам ни кога молчат!

Балонот прво се дуе, па летнува.
Човекот прво летнува, па се дуе.

Нема шанси да стигнеме некаде
со оние што се за - никаде!

Ние со платата излегуваме на крај.
И тоа додека трепнеш.

Најдовме оригинален начин
како да ги истребиме волците.
Ги исклавме овците.

Сите поаѓаат од народот
но никој не сака да му се врати.

Без конкуренција најзагадени извори
во Македонија се - пишаните извори!

Од сè што требаше да жигосаме
ги жигосавме само овците и кравите.

И на кое поле да работи
волот си останува - вол.

На Македонија веќе не ѝ е загрозена
само иднината, туку и - минатото.

Не сакаме силна држава,
да не помислат дека сме - прост народ.

И оваа наша жална денешница
на нашите внуци ќе им ја прикажуваат
како - славно минато!

Босоногите од секогаш биле
колатерална штета на - босоглавите.

Имам пријател верен како пес.
Каде ќе стигне ме - олајува.

Лом се направив со директорот.
Сега ми ги собираат парчињата.

Кога ја прочитав неговата најнова збирка,
сфатив дека и Пегаз бил - коњ.

За овците молзењето претставува
смисла на животот.

Од сите чуда што нѝ ги ветија политичарите,
Единствено чудо е што уште сме - живи.

Татковината секогаш ќе ни биде - мајка.
Проблемот е во - татковците.

Најмногу кипови на слободата
се изваjани по порачка од тираните.

Некаде мечките се ставени
под заштита на законот
а некаде законот под заштита на мечките.

Најголемо производство на мед
и годинава пријавија - мечките.

Националистот и кога нарачува будење,
бара тоа да биде - национално будење!

Народе, според тоа
какви ставови заземаме
нѝ доаѓаат трудни времиња!

Петстотини години ропство
да го наречеш - славно минато,
е тоа можат само - Македонците!

Најбрзо ги заборавамe оние политичари
кои имаат најмногу - паметници!

Политичкиот јазик во Македонија стана совршен.
Можеш цел живот да зборуваш,
а да не кажеш - ништо!

Самиот Господ ни ги испрати овие политичари.
Како божја казна.

Сега му е мајка за длабоки промени.
На дното сме.

## СТОЈАН КИСЕЛИНОВСКИ
(1943, с. Бмбоки)

Кога ќе ја изневериш татковината,
и гробот не те сака.

Вистинските патриоти ја сакаат татковината
богата со луѓе над земјата, а не под земјата.

Револуциите не ги поместуваат фотељите,
туку само задниците од фотељите.

Човекот е најсовршеното животно:
каса без да лае.

Мувата не наоѓа никаква архитектонска убавина
во пајаковата мрежа.

## КАМЕНА КЛИНЧАРСКА

Ако не му беше главата
поумен ќе беше.

Во нашите села не лаат кучиња.
Отидоа в град.

Мувата не се плаши од биволот,
туку од неговата опашка.

Кај нас и слепиот
може да биде очевидец.

Тој е добар политичар.
Уште ум и разум му недостига.

## ВЕЛЕ КОЦЕСКИ
(1950, с. Пожаране)

На нашиве простори единечна мерка
за демократија е пендрек.

Парите се отепувачка,
да се отепаш додека да дојдеш до нив.

Сѐ е кај нас уметност,
па и како да се преживее.

Не најде песок,
па главата ја стави во торба.

Дознав од каде дува ветерот,
но предоцна. Ме одвеа.

## ДУШКО КРАЛЕВСКИ
(1956, Скопје)

Светците - кариеристи
своите ореоли ги добиваат
со посебен указ на ѓаволот.

На малата плата се жали секој ,
на големата мрзеливост - никој.

Народот секогаш го има последниот збор.
А што да прави
кога само тоа му го оставија.

Умревме од работа.
Сработеното може да се види на гробишта.

Нема потреба да ни го покажете патот за никаде.
Веќе сме таму.

## **АТАНАС КРЛЕВСКИ**
(1956, Ташкент)

Човечкиот род е во криза - животните
веќе формирале кризна група.

Нулата е ништо
Сè додека не ја стават на крајот.

Кој прашува не талка.
На пример: судовите
кога ја прашуваат власта како да судат.

Полтронот е највисок во неговата,
а најнизок во канцеларијата на шефот.

Само здружението на невработените се бори
за што помалубројно членство.

Пчелите работнички штрајкуваат
според правилата за штрајк на трутовите.

Не сум суеверен.
Тоа ми го кажа и една гатачка.

Не дозволувајте да ви ја газат сенката,
зашто напладне тоа сте вие!

Чука празна слама,
ама зрната му се во амбарот.

До гуша е во гомненици, а се жали
дека му ја извалкале личноста.

Наша специјалност: добро поткованите
да ги правиме магариња.

Ако Библијата имаше преамбула,
многу народи ќе беа библиски.

Не се плашам од хирург
што работи како таксист,
се плашам од таксист
што работи како хирург.

Тој е одличен доктор...
според наследниците на пациентот.

Лошите политичари лажат постојано,
а добрите само пред избори.

## **ГОРАН КРСТЕВСКИ**
(1971, Прилеп - 2003)

Снаата е единствената несреќа
која со музика ти влегува во куќа.

Поумниот прв попушта, рече волот
и ја пикна главата во јарем.

Оставија длабока трага.
Благодарение на товарот што го однесоа.

Проблемот на приватизација
на општествената сопственост веќе одамна
го решија - арамиите.

Нема веќе жешки теми,
сите се веќе во пламен.

## АЛЕКСАНДАР КУЈУНЏИСКИ
(1946, Пехчево)

Зошто им е покрив над глава на оние
кои се борат за место под сонцето?

Ние за волкот, а волкот во нас.

Го засипа со море комплименти,
за да може полесно да го удави.

Вртиме во круг...
такви ни се народните ора.

И полжавот ползи
иако му е решен станбениот проблем.

Најголемите кукавици во арената,
најгласно го бодрат тореадорот.

За нашите прилики
најинтересен и најпосетен би бил
театар на заткулисни сцени!

Понекогаш суровината е поквалитетна
и од самиот продукт!

Очите на човекот би требало да се на тилот.
Сè позначајно се случува зад грб!

Барем малку да го јадеше совеста -
досега не би останало ни трага од него.

## МИХАИЛ ЛЕВЕНСКИ
(1942, с. Владимирово - 2010)

Таму каде топовите татнат,
слухот на совеста е затнат!

Причината за енергетската криза
е водата... во главите.

Мора да нѝ е убава Историјата
штом соседите се избезумени по неа.

Без да знам - ме сервирале,
пред да се докажам - ме изеле.

Ме ставија на тапет
за попријатно да му минуваат деновите!

Уште има крупни ѕверки,
но на цена е кожата од ситните.

Работата не им оди,
а тие упорно ја чекаат.

Додека седеше на едно столче - работеше.
Кога му дадоа фотелја - заспа.

Прејадените се солидаризираа со народот -
во мода е диета на гладните!

Босиот внимава на ништо да не нагази,
обуениот - врз што да згази!

## ДИМИТРИ ЛЕШНИКОВСКИ
## (1946, Скопје)

Амбициозниот Сизиф упорно тркала
камен - темелник!

Ако ви падне секирата во мед,
ќе добиете пријатели здодевни како муви.

Не плукај во празно,
ќе погодиш нечија глава!

Кога стапот има главен збор,
молчењето е тактика!

Базата не може да си го препознае гласот
во устата на своите претставници!

Тапкаме во место,
но патиштата нѝ се разминуваат!

Се обезглавија,
откако им удри власта во главата!

Не срамете се од овчарскиот стап,
туку од питачкиот!

Кога ќе се сетам
што сѐ премолча во својот говор,
сиот се накострешувам!

Во Парламентот ништо ново.
Сите зборуваат во името на народот!

Пазарна економија сè уште немаме,
но имаме пазарна политика!

Внимавајте колку молчите!
Можеби погрешно ќе ве цитираат!

Нивните ставови се еластични.
Можеш да ги месиш како тесто!

Историјата е учителка,
што ја шминкаат политичарите!

Дали политичката борба е жешка
поради учеството
на вжештените главо во неа!?

## ОСКАР МАМУТ
(1953, Скопје - 2004)

Ги закопаа воените секири,
сега ќе војуваат под земја.

Направил стопански криминал
замислувајќи се дека е стопан.

Важно е да те прогласат за мудрец,
а потоа можеш да правиш глупости.

Прво му ги простија гревовите,
а потоа се простија и од него.

Читајќи туѓи реферати -
се описмени.

## **ДАРКО МАРКОВИЌ**
(1940, Скопје)

Фотелјите не се за газиња,
туку за мозоци.

Зашто ви се заби
кога цел живот цицате.

Подобро е да стоите во место,
отколку да правите грешки во чекори.

Како да ве извадам од памет
кога не сте таму.

Вие сте лек за сите проблеми,
само што важноста на лекот е помината.

На земјата ѝ се потребни ѓубрива,
а не ѓубриња.

Тие што ви се впикуваат одзади
стануваат дел од истата содржина.

Сè уште сте на површината
затоа што дното тоне заедно со вас.

Имате генетска мана,
со ушите повеќе гледате.

Ако лесно ви паѓаат гаќите,
не значи дека ви е скинат ластикот.

Оралниот секс не се прави со микрофон.

Дури и чинот кога ќе ги наполните гаќите
го афирмирате како чин на благосостојба.

Политичар што знае
да го слушне народот
има добар нос.

Да ви ги решиме проблемите
кажете каков народ сакате.

Ако се продолжи вака,
најмногу работа ќе имате со невработените.

Крајно време е да му соопштите на народот
што мисли народот.

Политиката е како шах:
кога партијата ќе заврши,
сите фигури ќе бидат затворени.

Произведувајќи мед
ќе имате колку за млеко.

Ако ова треба да биде минато,
подобро почнете од почеток.

Земете на заем молив
и запишете ја оваа благосостојба.

## МИЛЕ МИЛЕВСКИ
(1947, Битола)

Човек на човека му е стратешки партнер.

По Тито - Титаник...

Чудни политичари?!
Не знаеш дали се луѓе, змии,
тројански коњи или обични волови?!

Политиката е единствена курва
на која народот ѝ избира макроа.

Кога ќе престанат да функционираат
виталните органи,
телото треба да си даде оставка.

## **ЈАНЕ МИРЧЕВСКИ**
(1978, Скопје)

Конечно го промени својот став,
се наведна.

Кога политичарите немаат време за народот,
во државата настапува невреме.

Не сме во мат заради лошите потези,
туку поради коњите.

Прочистување на душата
започнува со миење на мозокот.

Во нова партија зачлени се
во стара не плукај.

## ЗОРАН МИХАЈЛОВ
(1953, Скопје)

Тие што ги потрошиле своите соништа,
не им дозволуваат на другите да сонуват.

Не знаеме кај ни е главата,
водата нѝ дојде до гуша.

Подголтни,
за да не те проголтаат.

Тешко на смртните со некои бесмртни.

Македонија е бесмртна земја,
а во поголем дел од историјата била
речиси на умирање.

И демократијата
е степен на дресура на човештвото.

Попусто ги пеглате,
тие се истуткани од внатре.

Македончето и кога го туткаат
си мисли, можеби за арно ќе е.

Целта на задникот не е
да оди напред туку да седне.

Тие без памет обично кажуваат
Сè што ќе им падне на памет.

Полтронот кога влегува на голема врата
ја наведнува главата.

Единствено на Балканот
не е срамота да си Балканец.

И ситната риба може да проголта,
особено ако не е свесна за својата големина.

За Македонецот
голтањето е дел од фолклорот.

Од секој измет
ѓубриво не бидува.

## **ПЕТАР НАНЕВСКИ**
(1936, с. Ваташа)

Народот својата сила ја гледа
само кога се дига

Убаво е денес да си магаре.
Нема што да ти товарат, сè е однесено.

Во Африка на мртво се пее,
кај нас на живо се плаче.

Оној што чека аплауз,
всушност се мести за шлаканица.

Оној што трча по магарето,
нему му избегале возовите...

## ЖИВКО НАУМОВСКИ
(1936, Кавадарци)

Лесно е да правиш Влада во сенка
кога на народот му е најжешко.

Господа, не плашете се -
додека има лигавење
никој нема да ве плукне!

Немојте да го туркате некого
ако не е добро разнишан.

Многумина мислат со туѓи глави,
само за да не бидат со празен стомак.

Големината на човекот
не е во височината туку во широчината.

Оној што те следи во чекор,
има намера да те згази.

Господата почнаа да ни кројат капа
според нивна глава.

Додека да влезе странскиот капитал,
нашиот одамна излезе од државата.

Тие што сакаат да одат напред
секогаш прават чистка пред себе.

Додека нѝ дадоа кредит за овци,
ни ги изедоа јагнињата.

## ВЛАДИМИР НЕЈАШМИЌ - БАТО

(1961, Лесковец - 1995)

Кога би му се исполнил сонот на човекот да лета,
тој сигурно би бил мршојадец.

Зошто набрзина да ги менуваме навиките
кога времето работи за нас.

Ќе биде тешко да се живее
во сожителство без жито.

За идеалите гинат будалите,
а не оние што ги збудалија.

На тој што праќа отворено писмо
и поштарот му се смее.

Кога тие го менуват влакното
- луѓето излегуваат од кожа!

Впечаток е дека печатот
го удира  печатот на судбината.

Сите сме патриоти,
само цената ни е поинаква.

Нормално е почетокот да е тежок
кога се наоѓаме на работ на бездната.

Ова е сè уште генерална проба,
генералите отпосле ќе дојдат.

Еднιот почна со рафал од зборови,
а другиот автоматски му одговори!

Дури го јадеме стапот
тешко ќе дојдеме до лебот.

Нивите богато родија - крстови.

Кога е во прашање дожд од куршуми
секој посакува суша.

Лошата работа е кога не вооружуваа до заби
луѓе со вештачка вилица.

## ОЛГА НОВАЧЕВА
(1950, Ташкент)

За да те гризне некој
доволно е да има само јазик.

Поради многуте изветреани умови -
Македонија секогаш е на провев.

Ако му го гледаме грбот на кормиларот -
тоа значи дека го знаеме и неговиот курс.

Како сакаме да нè огрее сонцето
кога очекуваме да изгрее од Запад.

Во текот на долгогодишното ропство
Македонија научи
да не ја лапа секоја јадица.

Преку грбот на другите
го полнеше својот стомак.

Правеше само наивни грешки.
И си остана светец.

Главите служат и за украс.
Затоа изградивме
величенствени споменици.

Посеал цела нива невистини
а очекува да му се роди демократија.

Нашата основна карактерна цртичка е
линијата на помал отпор.

Поради идеолошко сечење на главите,
сега во фотелјите седат трупови.

## ТОНИ ПАВЛЕСКИ
(1970, Прилеп)

Некогаш плукаа врз владиците
а сега се крстат и пред клисари.

Спиеше на пари, а се разбуди во затвор.

Нѐ соголија, а сега не судат за неморал.

Најневкусни се жените што солат памет.

Умреа наведнати - не стигнаа да се исправат.

## ЖИВКО ПАВЛОВ
(1940, Велес)

Додека ние направиме правна држава,
не ќе остане невин граѓанин во земјава!

Со нашите гласови,
избраните кандидати ќе пеат
сосема друга песна по изборите!

Нашите пратеници сакаат за Европа,
но дискусиите им се на општинско ниво!

Таква овца мајка не раѓа:
не може да ја остриже ниту еден режим!

Политичари се луѓе
кои мудро одбиваат да бидат народ!

Со висок скок на производство,
засега работат само водоскоците!

Во нашата земја владее идеална клима
за криво насадени луѓе!

Дали покрај матичен лекар,
треба да си одбереме и свој поп!?

Функцијата добро ви стои,
само што малку ви е кратка!

Во Македонија нема кршење на човековите права -
сите негибнати се чуваат подалеку од човекот!

Има луѓе кои би ја продале државата
само да владеат со неа!

Ситуацијата не е толку затегната,
колку што е раштимана!

Ако државата одумре,
партиите ќе нѝ останат сирачиња!

Крпениот живот има најмногу
модни креатори!

Револуционер е човек кој знае
што ќе биде утре,
а не знае што го чека денес!

Стожер на секое општество е стапот!

Помалку или повеќе,
власта мора да се почитува.
Особено - помалку!

Како да удрам мотика врз својата земја
кога толку многу ја сакам?!

Го исфрлија на улицата
која подоцна го доби неговото име!

Тој греши - непогрешливо!

По многу дискусии
една точка од дневниот ред
се претвори во - дупка!

Времето работи за Арапите
и за три-четворица Македонци!

Ние сме земја со најмногу рецепти за јадење
и со најмалку можности
за нивна практична примена!

Државата нема мака од толку странски набљудувачи,
колку што има од домашните сеирџии!

Ние живееме без пари,
но и тоа има своја цена!

## ЃОРЃИ П. ПАНОВ
(1960, Струмица)

За некои личности,
кавгата е дијалог.

Ниедна политика не води
сметка за народот,
освен - демографската!

Како што растат ветувањата на партиите,
така расте и сиромаштијата.

Ниедна друга операција
не ќе завршите доколку
сте почнале со делење.

Најдлабоко до дното одат
луѓе со плиток капацитет!

## ДИМИТРИЕ ПАНЧЕВСКИ
(1948, Скопје)

Од базата зависи дали ќе има - киселење.

Денес мајката му е да работиш
во - Дојдете утре!

И шалтерите се прозорци
отворени кон светот.

Од неговата вила се оградува со -
дива градба.

Чекајќи ги своите пет минути,
ја слушна само кукавицата.

Со стегање на работната рака во тупаница,
улогата на двата прста ќе одумре!

Не тумбај! - дискутабилно е.

И често постење
може да биде туѓо масло.

Нуждата не тера да клечиме
и кога сме гладни.

За споро одење напред,
може да се виновни моторизираните.

## СТОЈАН ПАЧООВ

(1943, Струмица)

Труеше сè околу себе,
а зборуваше за чиста животна средина.

За да направи покрупни чекори,
носеше поголеми кондури.

Велеа дека е мрднат,
а цело време стоеше во место.

Како да го слушне гласот на народот
кога беше глув како топ?!

Како ќе чита помеѓу редови,
кога не го знае ниту редот?

## БОШКО ПЕРИНСКИ
(1950, Лазарополе - 2009)

Кога се користи како инструмент,
човекот игра како што му свират.

Ако сте им раска во очи,
нема да ве земат предвид.

Оној што не знае кога да ги крене двата прста,
обично останува со прстот во уста.

Ние сме блиску до  Европа.
Европа е далеку од нас.

За разлика од обичниот,
политичкиот мртовец во живо
го следи своето погребување.

Тие не формираат Влада во сенка,
зашто и оваа им е дебела.

За оние што го преспаа комунизмот,
капитализмот е кошмарен сон.

Државниот имот го купуваат
оние што го распродаваат !

Меѓу оние што не знаат
да се пикнат под кожа,
има најмногу... одрани !

Најпрвин комунизмот почна да се распаѓа,
а потоа замириса на барут.

Кога сатиричарот инспирацијата
ја црпи од политиката,
ја истура врз политичарите.

И крвопролевањето запира,
кога има кој да пресече!

Капитализмот ќе им даде на сите,
што знаат да земаат.

Водата мие сè, освен онаму
кај што ќе извалка јазикот.

Нема хармонија во оркестарот каде што
тапанарот е ...прва виолина!

Во шума од луѓе
најбргу се препознаваат... неделканите.

И првобитната заедница
ја растуриле поединци.

Ќе нема свежи идеи додека постојат
господа со изминат рок.

Некои од нив побргу ќе си ја испуштат
душата отколку власта!

Освен птиците преселници,
одовде сè живо би летнало на Запад.

## СТОЈАН ПЕТКОВСКИ
(1944, Крушево)

Кулата од карти
не трпи коренити промени.

Постава за позициона игра:
никој не мрда со задникот.

Мислам, значи - први е далеку.

Пакосници: на трпеза без месо
очите ќе си ги извадат со чепкалки.

Сидата го разурнува имунитетот,
а политиката идентитетот.

Поразените трчаат почесен круг.

Она што некогаш изгледаше питорескно
денес изгледа гротескно.

Заедничката цел е
постигната поединечно.

Без обесениот,
јамката е една голема нула.

По мене - попот.

Зобната за душата на душманот,
пченицата е деликатес.

Ако работите ги гледаме наопаку,
виновниците седат во последниот ред.

Одамна прекипело.
Сега може само да загори!

Критиката именува, но не менува.

Доби по носот.
Рече дека смрди.

Песимистот преколнува што се родил.
На оптимистот малку му се и два живота.

## ХРИСТО ПЕТРЕСКИ
(1957, Крушево)

Кога не би биле политичарите
политиката би умрела пред нив.

На работа не дремат само тие
што не се на работното место.

Јавните писма никој не ги чита,
само затоа што не се затворени.

Толку многу се избираа меѓу себе,
што сега нема веќе кого да изберат.

Најтешко е да се прочитаат луѓето,
особено кога се полуписмени.

## БРАНКО ПЕТРИНСКИ
(1952, Куманово)

Најтриумфално се минува
на малите врати.

За живот на висока нога,
ја користеше подолгата рака.

Што ако нѐ молзат, кога од нашето млеко
не можат ни урда да направат.

Ако веќе сте отвориле четири очи,
барем затворете ја устата.

Чудно време: глупавите се прават Ајнштајни,
а будалите се прават на Тошо.

## ПАНДЕ ПЕТРОВСКИ
(1939, Битола)

Стандардот нѝ остана мал,
зашто го оставивме да расте во кал.

Не се прават големи патриоти
со мали плати.

Без бистри глави,
нема еколошка чиста свест.

Повеќето од академските граѓани
се родени на село.

Некои органи од државната администрација,
веќе се за трансплантација.

За храброста наша,
гаќите ќе кажат.

Си ги продадовме фабриките,
ни останаа само макиите.

Нема здрава нација,
со болна популација.

Трчајќи низ оазата,
си ја заборави базата.

Власта е слатка и кога е кратка.

Не се решава секоја криза
со пасош и виза.

Беше роден за функционер,
од мал личеше на ѕвер.

Досието му беше полно
со празни ветувања.

Неговите факти - беа двата лакти.

Коалицијата помеѓу желката и зајакот е можна,
исто колку меѓу мувата и пајакот.

## **БОЖИДАР ПЕШЕВ**
(1946, Скопје)

Бизнисот е исплатлива работа,
особено кога ќе го продаваш
сопствениот народ.

Додека пиеше, мислеше дека е пијана будала.
Сега кога се отрезни,
виде колку будалите се срекни.

Заедно војуваа.
Сега едните патуваат по светот,
а другите во Хаг.

Имавме од сè по малку, па и памет.
Сега дури и паметот ни го испија.

Ние сме многу сиромашна земја.
Имаме само еден контејнер на сто жители.

Најмногу ги сакаме распродажбите.
Затоа толку евтино ја продаваме државата.

Чуваа стока.
Сега се грижат за народот.

Државата нема врска со криминалот.
За неа се задолжени политичарите.

Ги менува партиите како гаќи,
секои четири години.

Во животот ништо не научи.
Тоа му помогна во политиката.

## ВАНЧО ПОЛАЗАРЕВСКИ
(1951, Гостивар)

Еден ден сите ќе бидеме земјаци.

Секој камен што ќе падне во вистински раце,
станува камен-темелник.

Скалите на неуспехот се најстрмни.

Уште со подготвување на зимницата
многумина видоа што е зима.

Не потклекна сѐ додека
не наиде на мала врата.

Дајте ми работа ,
па макар и - Сизифова.

Во војната човекот
го достигнува совршенството -
станува совршен идиот.

Насмевките од предизборните плакати
се еден од поинтелигентните начини
на сите да им се покажат забите.

Предизборните плакати ни се како мед -
слатки и лепливи.

Никогаш не ме биел толку добар глас
како пред ова гласање.

Нема толку големо
и компликувано предизборно ветување
од кое што потоа не може да се побегне.

Паднаа за татковината...
во националистички транс.

Власта го оправда силувањето:
голиот народ делуваше толку предизвикувачки.

Како во модата така и во политиката -
без пеглање нема цврста линија.

Во многу дупки од законот
е закопана политиката.

Најсилен печат врз времето
удира бирократијата.

Најдобро молзат оние
што ветуваат мед и млеко.

Дајте му ја власта на непријателот.
Така најбргу ќе го расипете.

Од сите вистини
најдлабока е - закопаната.

Оној што клоца докажува
дека заслужува јавање.

## ИЛИЈА ПОПОВСКИ
(1926, с.Витолиште - 1998)

Прости ми Господе - тешко е со неписмените,
ама уште потешко со писмените.

Лесно им е на опортунистите -
кој и да победи, тие не беа против.

Вистина е дека покривот ни прокиснува -
ама луѓе, немојте со дрва и камења по Маркс.

Кога ќе помислам како нѝ беше некогаш,
ми доаѓа да ја исфрлам паролата:
Назад, во светлото минато!

Понекогаш посакувам да сум грав:
барем моето влијание
ќе се слушнеше и почувствуваше!

Нешто сте ми познати -
да не загинавме заедно за татковината?!

Во процесот на изградба,
може и да се ждригне -
ама тоа мора да биде свесно и организирано.

Каде е оној Мефисто,
што тргуваше со душите?
Само да знае каква работа го чека кај нас.

На дедо му истече животниот мандат -
вчера, на градските гробишта,
конечно е вратен во базата.

Не знам што му е на овој народ:
само што започна пролетта
а веќе зборува дека ќе го обереме бостанот!

## МЕТОДИ ПРАНГОВСКИ
(1946, с. Робово)

Ја отворив устата,
и ме - голтнаа.

Откако ќе ве насамарат,
се разбира и дека ќе ве јавнат.

Ме поведоа кон посреќна иднина -
и не знам до каде ќе ме водат.

Кога човекот ќе се најде на коњ,
заборава дека е човек.

Многумина мислат
дека успесите се жнеат со срп.

Како да поминам од збор на дело,
кога ме тераат да стојам на зборот.

Јас давам, ти даваш,
тој дава - ние се давиме.

Бос, а колку убаво облечен!

Кога не би постоеле богати и сиромаси,
сите би биле - луѓе.

Ако немаш грб,
нема да имаш ниту стомак.

Срeќни се кравите, не можат
да се заразат со човечко лудило.

Пукна од срам -
беше гол како пиштол!

Ветувањето е како лек:
секогаш се зема на празен стомак.

Ќе го стегаме ременот сѐ додека
има дупки во - законот.

Додека се надвикуваат не можат
да го слушнат гласот на народот.

## ЕФТИМ ПРОЕВСКИ
(1943, Крушево - 2009)

Совеста започна да ме гризе.
Чекам да се отруе.

Дали празните црева
можат да ја свират државната химна?

И пожарникарот изгорува на работа.

Поговорката... ќе се изедам од мака...
ја употребуваат и вегетаријанците.

Ме загрижува кога борбата меѓу генерациите
се претворува во борба меѓу генералите.

## СЛОБОДАН РОШКОВСКИ
(1945, Прилеп)

Кога најдоа заеднички јазик,
подобро е да им се сервира за ручек.

Стоејќи на битката за продуктивност,
си ги зголемија семејствата.

За нашите дела , утре друг
ќе каже - како за свои.

Мора да им е тесно на работниците
кои излезот го побараа на улиците.

Додека народот лае -
народните кучиња се договорија
и во овие избори да си ги разменат фотелјите!

# АЛЈОША РУСИ

Имав состанок со вистината.
Од тогаш сè повеќе лажам.

Историјата се повторува.
Ќерка ми пак ми бара мираз.

Ветувајте другари помалку,
идната година не е изборна.

Што ако пеачите се менуваат,
кога песната останува иста.

Циркуските трибини се празни -
сите сме во арената.

Микрофоните го засилуваат гласот,
но не и мислата.

Што нѝ вреди слободата на говорот,
ако не нè слушаат?!

Мене не само гравитацијата,
ами и главата ме влече кон земјата.

Ние сме единственото општество
во кое кога врие нема опечени!

Смртта е нашиот најдобар
кадровски референт.

## ИВАН РУСЈАКОВ
(1947, Скопје)

Животот ми е скап,
иако не чини ниту пет пари!

Доби диплома и почна
да работи - дома!

Оној што избира меѓу себе и сите други,
нема голем избор!

Снаата и свекрвата се
најдалечните блиски роднини!

Да не се судреа,
немаше никогаш да се сретнат!

Храброста го полни срцето,
а стравот - гаќите!

Времето ќе покаже колку е часот.

Писменоста на едни им е во малиот прст,
а на другите во - палецот!

Ги помина сите пречки,
за да на крајот се постави
како - сопка!

Трендафилот повеќе се памети
по трнот, отколку по мирисот!

Едно е да бидеш гладен за добра музика,
а друго е да имаш стомачна музика - од глад!

Нормално е местото на секретарката
да биде под - директорот!

Единствено музиката од гравот
има сопствена арома!

Од сите книги најтежок
за читање е - букварот!

Она што за детелината е мана,
за човекот е - среќа!

Мувата никогаш не се двоуми
меѓу медот и - изметот!

Додека да му светне,
на многумина ќе им се стемни!

Додека да стасам на својата цел,
од мене не остана ниту - половина!

Рибата смрди од главата,
а човекот од - нозете!

На рибарите им се подолги рацете
отколку на другите луѓе!

## СИМЕОН РУСЈАКОВ
(1953, Скопје)

Младите грешат од неискуство,
старите од искуство.

Будала е паметниот што попушта.

Имаме еден жител по глава на жител.

Со овие цени на книгите
подобро е да сте неписмен.

Гладните секогаш зборуваат од стомак.

## ЉУПЧО СИЛЈАНОВСКИ
(1948, Скопје)

Сатиричарот треба да знае
колку треба да зине
за да не го проголтаат.

Кадрите се толку подмладени
што допрва треба да проодат.

Тешко е да се умре за татковината,
но и да се живее
не е ништо полесно.

Во очите на народот големи се
водачот и - стравот!

На говорникот му подигнаа
споменик од воденички камен.

Секој човек е прикован за сопствениот
жрбетен столб на срамот.

Ама какво систематско поткраднување!?
Тоа кај нас систематски е решено.

За подигање на угледот
најмногу се залагаат килавите.

Добрите раководители
му ги простуваат на народот
сите свои грешки.

Главата горе! Се давиме!

Тестаментот на државата што одумира не важи!
Не е диктиран при здрава класна свест.

На корумпираните вашата критика
најдобро е да им ја врачите во син плик.

Човекот пее од радост,
а пропејува на маки.

Паднаа гаќите,
како жртва на сексуалната револуција.

Изгледа дека и громот е голорак
штом не удира во камен.

Ако слабостите ги сечеме во коренот,
од каде тогаш ќе се хранат врвовите?

Животот го трошат
трошоците на животот.

Цените се математички
изрази на...сочувство.

Ќе им го видиш вистинското лице
кога ќе им свртиш грб.

Какви им се делата,
подобро да си останеа на зборови.

## БОШКО СМАЌОСКИ
(1938, с. Модрич - 1998)

Сега тие плачат за Македонија,
а потоа Македонија ќе плаче од нив!

Сегашнава ситуација во Македонија
наликува на свадба:
им се удоволува на пијаните.

Мнозина од сегашниве
што ја бараат демократијата -
најдобро знаат каде ја имаат закопано.

Уште пред да објават некоја глупост -
знам кој може да биде авторот.

Митинзите ги донесоа,
штрајкови ќе ги однесат.

Можеби една ластовица не прави пролет,
ама десет кукавици уште помалку!

Македонското стопанство
не е за никаде, туку за - потаму!

Сите што треба да се во синџири,
се во рамки.

Кој како ќе си ја затне устата -
престанува да бара излез од кризата.

Ништо не смрди повеќе
од систем во распаѓање.

Кога ќе дојдело до суви ребра,
наредната етапа ти било -
до скршени ребра.

Кој како ќе го најде излезот од кризата ,
ги напушта нашите редови.

Овојпат владата ја оставам на мира,
бидејќи ништо не прави.

Денонокно работи по два часа.

Ја наведна главата
за да го прими венецот на славата.

## ДИМИТАР СПАСЕВСКИ
(1965, Битола)

Терористот е човекољубец.
Сака да убива луѓе.

Политичките глупости ги сакаме сите.
Ама не на својата кожа.

Опозицијата отсекогаш била за власта.
Ама да падне.

Многу ги почитувам комунистите.
Крадат со идеја.

Глуп народ не признава
паметни поединци.

## БЛАГОЈА СТАМАТОВСКИ
(1933, Тетово)

Изградбата на црквите значи дека
само Господ може да нѝ помогне.

Лесно им е на метереолозите
да прогнозираат грмотевици,
кога народот најчесто јаде грав.

Константин тагуваше за југ
а неговите поколенија за Запад.

Диригентот сака да воспостави такт,
а душманот да ве извади од такт.

Производите со сонце ги купуваат
само оние на кои паричникот
им го огреало сонцето.

Кога од народот ќе направат скали -
високо се искачуваат!

Пензионерите ќе гласаат за градоначалник
што ќе се залага за намалување
на погребните трошоци.

Нашата мила независна Македонија
никогаш не била толку зависна.

Бројот на питачи би бил многу поголем
доколку сите би имале капа.

Имаат исти уши
но различно им слушаат.

## **РИСТО СТОЈАНОВСКИ**
(1953, Скопје)

Кога пукате од мака,
нишанете во огледалото.

Најжедни се чавките
што му го испиле умот
на некој политичар.

Импотентноста не ми дозволува
критички да се обратам
на некои политичари.

Нашите овци, пред да заспијат,
бројат стечајци.

Како да ја одвојам црквата од политиката,
кога секој ден се молам за политичарите?!

За идеален свет
пронајдете куршум - бумеранг.

Македонските влади се како џек-пот.
Ретко паѓаат.

Ако е точно дека попаметниот попушта,
јас сум во сексот
сè попаметен и попаметен.

Криминалот во светот е во пораст.
Можеби клонирале наш ополитичар!

Две третини од Македонците
живеат во сиромаштија.
Останатите живеат во... дијаспората!

## ТОНИ СТОЈКОСКИ
(1967, с.Девич)

Покрај толку зелени политичари,
народот треба да покаже поголема зрелост.

Не сакаат да имаме иднина
тие кои плачат за минатото.

Кај некои јавни личности
само сметките им се тајна.

Ние сме единствени
само во молчењето.

Тие што најмногу кркаат,
немаат абер каде се раѓа лебот.

## **ЛЕНЧЕ СТОИМЕНОВА**
(1958, Кочани)

Тој што работи - тој има.
А тој што има други работеа за него.

Оние со најтенок стомак
го извлекоа најдебелиот крај.

Цел живот беа гладни -
но на крајот го окркаа.

Чудна пропорција:
Најмногу ги има оние - што имаат најмалку!

Црквите ни се во подем ,
зашто мнозина почнаа да попуваат.

Чудно време.
Сите што беа од мајка родени
ги отераа во мајчината.

Секој ден имаме сè погладен народ
и сè понајаден изрод.

Политичарите ќе ги цениме по нивните дела,
дури откако ќе се забранат
говорите и митинзите.

Полесно му било на мајмунот
да стане човек отколку
на човекот да остане човек.

Функцијата и функционерот се разликуваат:
првата се купува, а вториот се поткупува.

## ЃОРЃИ СТОЈЧЕВСКИ
(1949, Крушево)

Не е проблем ликвидацијата на фирмите
туку недостигот на катанци.

Поради толку многу законски дупки,
фати политички провев.

Спиеше со боса глава,
затоа му настина умот.

Го испуштија врапчето
и сега го бркаат гулабот
од политичката гранка.

Не е битно кој кого молзи,
кога нема млеко за никого.

Откако јагнињата отидоа на Запад,
во земјава останаа
само овците за стрижење.

Тешко на оние политичари
што се дават во народна плунка.

Не офкај народе.
Тешкото мора да го изиграш.

Контејнерите се неисцрпни рудници
за сиромаштијата.

Тие што се во позадина,
секогаш ја добиваат битката.

## НИКОЛА ТАЛЕВСКИ
(1940, Битола)

Комуналците можат да здивнат.
Сиромаштијата ни ги чисти кантите.

Дека од лошо има полошо,
Владата ни докажува секој ден.

Печени сме за циркус -
сите зборуваме од стомакот.

Разговарав сам со себе.
Неподносливо - немам разбирање.

Несреќен случај -
го удри славата во главата.

Нашата власт
не ги стриже само овците.

Народна полиција!
Да се знае за кого е ќотекот.

Ние сме вистински самоилови наследници:
сè слепец до слепец.

Им треба мојот глас.
Затоа ме фатија за гуша.

Рибите знаат дека смрдат од главата.
Затоа молчат.

## ЃОКО ТАСЕВСКИ - КОСКА
(1960-2003, Скопје)

Почнав да наплаќам на компензација.
Бидејќи ме убедија дека парите се проклети.

Денес работниците без проблем
штрајкуваат со глад.
Навикнаа да гладуваат.

Нашите инкасатори се како смрт!
Нема бегање од нив.

За да се збогати,
газдата двоеше од уста.
Од мојата.

Низ историјата е докажано дека
најпаметни биле дворските будали.

## САНДЕ ТАСЕВСКИ

Кој често менува мајстори,
вечно останува калфа.

Додека има плеќи
ќе има и самари.

Некои патриоти живеат од земјата,
иако ни ораат ни копаат.

На празниците ги празнуваме само успесите.
Неуспесите секогаш.

Настина во претпријатието
бидејќи испитуваше
од каде дува ветерот.

## БЛАГОЈА ТАСЕСКИ
(1942, Кичево - 2006)

Извојувавме право на слобода на говорот,
Па сега можеме гласно
да залелекаме над вистината!

На неписмените немојте да им држите лекции,
Брзо ќе ве прочитаат!

Тешко на тоа царство во кое
неписмените ја пишуваат историјата!

Додека е мевот празен,
разумот секогаш некому ќе му робува!

Вечниот мир е мевлем на рана
за оние кои страдаат од несоница.

Подобро е од ништо-нешто,
отколку од нешто-ништо!

На животниот пат, знаците на староста,
се сигурен знак дека сме блиску до целта!

И најслободоумниот коњ
судбински е врзан за својот стопан.

Молчењето е злато
само ако не е жигосано.

Празната глава
најмногу му тежи на телото.

Интелигентната овца
и во најубавиот овчарски стап
гледа ражен.

И најамбициозното прасе
не оди подалеку од ножот.

Минатото е зад нас,
крајно време е да го надминеме!

Молчењето е златна средина.

Животот е краток,
но затоа живуркањето е долго.

## БОЖИДАР ТОДОРОВСКИ - БОДЛЕ
(1933, Прилеп - 2001)

Се залета и скокна.
Тешко нему кога ќе падне.

Не влечете ме за јазикот!
Ќе го употребам народниот.

Се случи да застанам меѓу две дрвја.
Луѓето не ме препознаа.

Глувите чуле од немите
како слепите виделе
оти сиромасите имале сè.

Ако ве чукне некој проектил во некоја прилика,
тогаш сигурно тоа ќе го решите со дијалог.

## ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ
(1956, Будимпешта)

За да станам вистински Македонец,
на комшијата му подарив коза!
Сега го молам Господ да му цркне.

Немојте да ме сметате во сточен фонд.
Јас само така живеам.

На Македонецот не му пречи да го префрлат
да живее од Македонија во Сахара!
Пустина си е пустина!

Марко Крале е прототип на денешниве
политичари!
Македонец, а работеше за туѓи интереси.

Се отвора училиште за кловнови.
Многу наши политичари очекуваат
професорски статус.

Ако големата среќа знае да премине
во голема несреќа,тогаш ние Македонците
некогаш сме биле многу среќен народ!

Нашиот водач само пред огледало
може да види кој е државен непријател број еден!

Нашата влада е најдолга!
Главата им е во облаци а задницата во фотелја.

Наш функционер падна во септичка јама.
Околината го прифати како свој човек!

Во Библијата пишува: Не кради.
Ама каде се чуло и видело
министер да чита Библија!?

Нашиот Водач нема потреба да си го мери
коефициентот на интелигенција.
За ова што ни го прави, не треба многу памет!

Нашиот Лудак наместо лудачка кошула
носи Армани-одела! Тоа е знак
дека имаме лудаци по последна мода.

Собранието е нивна оаза...во нашата пустина!

Културно е да се јаде со затворена уста,
ама препорачливо е и своето мислење
да го кажете со затворена уста.

Бидејќи на министрите им зинал газот за власт,
народот знае што може да очекува од нив!

Нашиот министер по финансии
ќе го препознаете меѓу илјадници крадци.
Нему најубаво му стои чорапот на главата.

Водачот гарант е човек роден во епрувета.
Затоа што таков човек мајка не раѓа!

Водачот го моли народот да се одвикне
да јаде три пати на ден.
На паметниот и еднаш му е доста!

Прв знак дека сте потонале е
ако сите околу вас молчат како риби.

Повеќе ја сакам владата отколку жената.
Владата поредовно ме секса!

Државата ги штити криминалците!
Така и треба.
Кој - кого, ако не свој - својот!?

Мораме да застанеме на нозе.
Штаките ги продадовме.

Ќе отворам банка на сперма.
Почетниот капитал ми е при рака.

Го побивме тврдењето дека сме балвани.
Потонавме.

Знам дека сме смешни повеќе отколку што треба!
Ама ние секогаш даваме максимум од себе.

Во нашата земја нема масовни гробници.
Освен ако не ја сметате нашата земја!

Невработениот Македонец можете
да го препознаете по вратоврската.
Врзана му е за гранка.

Претседателот и премиерот треба да се како
еден човек!
Зошто народот два пати да пцуе?!

Македонецот е ретко упорен човек!
Тој и во пустина би се борел да исплива!

Ние Македонците се задоволуваме со мали работи.
Затоа никогаш нема да имаме голем Водач.

Тоа што телето преку ноќ стана вол,
не е заслуга на науката туку на избирачите!

Кога секој би го работел она што најдобро го знае,
нашиот Водач би бил најдобар овчар на Балканот!

Нашиот Водач не е крадец.
Крадецот е интелигентен и храбар!

Првиот направи да сме последни.

Премиерот ќе го почитуваме како Господ
дури кога министрите ќе му станат ангели!

***(Изборот на афоризмите од Васил Толевски ги направи Миле Ѓорѓијоски)***

## НИКОС ТОМОВСКИ
(1956, Ташкент)

Субвенциите овозможија
брз развој на сточарството.
Резултатите се гледаат
и во институциите.

Најкатастрофален дефицит
за една држава е дефицитот на памет!

Се плаши од влада во сенка
затоа што е премиер на сенка од влада!

Политичарите се борат
за моето подобро утре.
Само, се грижам
како ќе преживеам денес!

Од борбата за подобар живот,
нѝ остана само животот!

## АНАСТАС ЌУШКОСКИ
(1942, Вевчани)

Смеењето е здрава работа
и по цена да бидеш исмеан.

Благодарам за понудата -
мојот пекол е подобар од вашиот рај.

Го отепаа народот за да му покажат
дека тоа го чинат - за негово добро.

Исус беше распнат на крст,
а го усмртија на - петокрака.

Животните се врзуваат за рогови
а луѓето - за џебови.

За да го сакаш блискиот свој -
биди што подалеку од него.

Песот што скита ја има најголемата слобода,
затоа и животот му е кучешки.

Македонија остана крстопат на Балканот -
затоа нѐ има насекаде.

Нема празни ветувања -
има само празни верувања.

Ако некој гори за власт,
спасувајте го - народот.

## ЉУБЕН УЗУНОСКИ - ФИТИЉ
(1945, Струга)

Ако си секогаш гладен
нема голема нужда.

Функционерите се однесуваат како петли,
го исклукаа народот.

Мајка ми ме доеше со млеко и пораснав.
Од кога ме дојат со политика - потклекнав.

Само во гаќички за капење
работникот е еднаков со директорот.

Додека Македончето садеше пиперки,
го направија туршија.

## КИРО УРДИН
(1945, Струмица)

Ако имаш навистина што да кажеш,
не цитирај ги другите, цитирај се себеси.

Останува тајна, како тоа метлата е чиста,
а постојано е во допир со ѓубрето.

Идеална демократија -
кога интелектуалците ќе станат мнозинство.

Биди духовит, но не и смешен.

Во арената аплаузот е смртоносен,
за да се аплаудира бикот мора да умре.

Животна шанса се укажува еднаш,
а може да се промашува цел живот.

Поткованото копито
остава подлабоки траги.

И роботите се расипаа, почнуваат
да личат сѐ повеќе на човекот.

Немој да леташ многу високо,
ќе те земат за нишан.

Од сите што дошле до диригентска палка,
најмалку се музичари.

## КОЧО УРДИН
(1930, Струмица)

Ние го убиваме времето,
а тоа не - закопува.

Дрвениот господ има
здрвени - поданици.

Поради што сите се сметаат за умни
глупите се во уште поголемо - мнозинство.

Нашите претпријатија страдаат
од волци што умеат да - блеат.

Попувањето е прекрасен занает
особено она без - мантија.

Колкумина зборуваат
со затворена - уста?!

Литерарен фронт:
еден пише другите го - бришат.

Постојат и коњи што јаваат!

Тешко на комунизмот
од оние на кои им е - најлесно.

Сè додека цивилизацијата
не се состои само од цивили
не верувам во - неа.

Да му се плукне некому во образот
потребно е барем да има - лице.

Сега може да се удри по министрите,
минаа во - секретари...

Другарот отиде толку далеку со стандардот,
па сега не знае каде да - стигне..

Човеку, чувај се
од оној што личи на - тебе!

Станав крив
дека стоев - прав!

## КОСТАДИН УСТАПЕТРОВ
(1950, Струмица)

Нема разлика помеѓу политиката и зимата -
и во двете има насанкување и студени односи.

За криминалците, чесниот човек е
предавник на криминалните идеи.

Некои директори се за жалење -
немаат што да јадат дома па одат во ресторани.

За брзите прават автопат,
а за бавните и мотели покрај него.

Пред политиката
и историчарите паѓаат на испит.

Блазе си им на животните -
не се занимаваат со политика.

Во духот на модернизација на воловите,
неопходна е електрификација на остените.

Да не беа политичарите,
светот ќе беше поубав и поздодевен.

Обично кога станува матна работата,
се бистри политика.

На бојното поле,
каде ораат само тенкови,
никнуваат крстови.

Едни се задоени со млеко,
а други со политика.

Војната е судар на два оркестра
што немаат врска со музика.

Народот е како мало дете,
не бара многу,
ама нон-стоп додева.

За време на избирачката треска
се тресат кандидатите,
а потоа избирачите.

Пајакот своите жртви ги фаќа во пајажина,
а политичарите во канцеларија.

По социјализмот станавме социјални случаи,
а во капитализмот - капитулиравме.

Народот е скелет на државата,
а власта месото со внатрешните органи.

Чудно ама вистинити:
полицијата ја чува демократијата.

Нашите политичари
не одат во странство на работа,
оти таму мора да бидат способни.

Кога ќе му се придружите,
за вас криминалот не постои.

## РИСТО ФИЛЧЕВСКИ
(1950, Струмица)

И политичарите се како глумците -
постојано сакат да играат главна улога.

Во човечките драми луѓето
најчесто играат - гладна улога.

Ја изедоа државата
а никако да го сварат народот.

Кога националистот ќе го развее знамето,
тој мисли на - стапот.

Ако ми ја кроите капата,
барем земете мерка од вашата глава.

И братоубиствената војна
на некој начин е фамилијарност.

И кога го користи јазикот
многумина креваат - прашина.

Дадоа сè за себе.

Кога замирисува човекот,
труење добива државата.

Какво време дојде -
ќе почнеме да се делиме
и по крвни групи.

Парадокс:
не закопуваат оние
што лопата в рака не фатиле.

Народот ретко се слика, а сепак,
постојано живее во некакви рамки.

Народот скокна -
политичарите седнаа на газот.

Ми дојде водата до носот.
Почнав да дишам на шкрги.

Ние секогаш сме во право,
само Европа нѐ сфаќа - криво.

Ми ја погодија ерогената зона.
Свршив во партијата на власт.

Некои административци се како автомати за кафе.
Работат само ако им пуштиш некоја паричка.

Не вреди да трчаме по Европа.
Та почна да бега и самата од себе!

Многумина креваат два прста
само за да ни го - спуштат.

Меѓупартиските односи се на висина -
од сите страни ни го спуштаат.

И националните ресторани не се тоа што беа -
почнаа да користат шведски маси.

Приватизацијата е мода
која наместо да го облекува
го соблекува народот.

Македонија има интелигенција,
но повеќе има - политичари.

Половината народ ни е незадоволен,
другата половина се - самозадоволуваат.

Ако политиката е мода,
нашите политичари се - манекени.

## ГЕОРГИ ХАЏИ - ВАСКОВ
(1947, Скопје)

Секој потпис не е достоен
за печат на времето.

Колку помалку ја заслужил,
толку потешко ја пушта коскатa.

Така ти е кога за боите на радоста
ќе ти зборуваат далтонисти.

Какви нѝ се водачите,
такви нѝ се и седниците.

Дали само вратот е причина што на волците
не им се доделуваат ловорови венци?

Го признавам само Судот на историјата.
Таму нема ургенции...

Каков генерациски раздор.
Младите ни да писнат.

Сиромавиот нема пријатели,
а уште помалку непријатели.

Ако намерите им се чисти како водата,
нема потреба да ни ја потпуштаат.

Оладете ги главите, а не амбициите.

Ако сме издржлив народ
не значи дека секој треба да не јава.

По затегнување на ременот,
нормално е да се затегне
и ситуацијата во државата.

Толку е расипан што ни власта
не може повеќе да го расипе.

Откако раскрсти со Господ,
многу полесно му беше
да раскрсти со човекот.

Фактите може да бидат важни
само за оние кои ги прифаќаат.

По паравојската, зарем на ред е -
парадржава?!

Не нудете иднина,
веќе видена во минатото!

И демографската експлозија
замирисува на барут.

До кога вистината
ќе ја чекаме по обдукцијата.

Кој краде молив
дајте му и буквар.

## ЉУПКА ЦВЕТАНОВА
(1976, Кочани)

Ние ги срушивме сите временски бариери.
И сегашноста ја живееме во минатото.

Сите патишта водат до нив.
Затоа сме изгубени.

Пред да станам член на партија бев никој и ништо.
Сега сум сè и сешто.

Многумина ја сфатија моќта на говорот.
Молчат!

Во масовната демократизација
сите завршивме како гласачко тело.

Работите излегоа од контрола.
Контролираат сè!

Многумина си најдоа алтернативна религија.
Се крстат во своите партиски икони.

Кај нас процесот на транзиција се одвива нормално.
Секој ден ни е од лошо полошо.

Политичар на политичар му е волк.
Народот им е овца.

Нема независни.
И кога стоиш на страна, завземаш страна.

## СПИРО ЏАЈКОВ
(1944, Битола)

Наместо два прста,
тој крена рака против законот.

Денес книгата е најдобар другар
на препродавачите на овошје.

Маста на работникот
се вади без анестезија.

Ако татковината на сите нѝ е мајка,
тогаш - зошто само некои ја цицаат?

За татковината се паѓа само еднаш -
освен ако ако не си артист.

Ми кројат капа -
за да им ја симнувам.

Без ниеден чекор,
стигнавме до дното.

Накитените со туѓи перја,
својот лет го изведуваат во место.

Политичката глад,
најчесто се храни со барут.

При празни стомаци и тоалетната хартија
ја губи својата иднина.

## НЕНАД ЏАМБАЗОВ
(1943, Белград)

Лесно е да се извлече човек од кал.
Тешко е да се извлече калта од човекот.

Телевизијата од некои чуда
прави - чудовишта.

Има сè повеќе функционери,
кои се наоѓаат
на - неодговорни функции.

Барам привилегија -
сакам да работам!

Нашиот човек е како мотор.
Многу подобро работи кога ќе го подмачкаат.

## ИЛИЈА ЏОРЛЕВ
(1946, Струмица)

Не лажете го народот,
кажете му ја вистинската лага.

И кога го симнаа од коњ на магаре,
изигруваше џокеј.

За Македонија:
Дојдов, видов, се расплакав!

Сѐ додека нѝ свират други, ќе го играме тешкото.

Само коренот на бирократите
не е во земјата.

## ВЛАДИМИР ШОПОВ
(1948, Скопје - 2000)

Импотентен политичар сонува избирачи
што апстинираат од гласање!

Од сите можни знамиња,
во предизборните кампањи
најчесто се вее долната облека на кандидатите!

Интелигенцијата ни ја мерат,
а државата ни ја меркаат!

Откако Сонцето го прочита уводниот реферат,
за збор се јавија неколку сончогледи.

Дај му да организира јавни набавки,
за да му ја видиш алчноста.

## **МИРОСЛАВ ШТЕРЈОВСКИ**
(1956, с.Лавчани)

Системот се менува,
ама комбинациите се стари!

Знам дека Македонија ви е како мајка,
ама не мора тоа да го докажувате со цицање.

Тој би пронашол излез,
ама не му дозволуваат да влезе.

Блазе си му на врвот: темелот е во калта.

Се обиде да лае и каса.
Сега квичи.

Нема ништо против соживот,
ама нам нѝ
треба и живот.

Тоа што народот е гол,
не значи дека живее рајски.

Не е тоа гласот на народот,
туку кучешко завивање.

Во шумата од прописи најдобро се снаоѓаат
оние со животински инстинкт.

Се изедовме меѓу себе,
ама ме чуди како никој не се жали
на труење на стомакот!

Покрај толку силеџии на говорницата,
нормално е народот да биде
бремен од проблеми!

Едни пуштаат брада,
други нè бричат на суво.

Кога на народот му свират цревата,
концертите се држат пред Собранието.

Господа, треба да преминеме
од зборови на дела -
рече и ја ограби државата.

Попусто ти е да ставиш прст на чело,
кога не знаеш каде ти е главата.

## СОФЕ ШТЕРЈОСКИ
(1949, с.Лавчани - 1984)

Голиот патриот во знамето гледа
материјал за гаќи!

Пет пари човек,
а милијардер?

Ако мислиш да бидеш темел,
прости се од сонцето!

Кога му рекоа дека треба да се задоволи правдата,
почна да ги откопчува панталоните!

Самоуправните инструменти
не се за солисти!

Да знаел за директори,
народот во минатото, не ќе пеел за ламји!

Барајки детелина со четири листа
остана ненапасен!

Со цицање докажуваат
дека татковината ја сакаат како мајка!

Сè ќе биде во ред! -
ветува хаосот!

Во дупките на законот
живеат кртовите на општеството!

Го загрижува поскапувањето на градежниот
материјал: се плаши да не остане без споменик!

Невин е како јагне.
Не му бега ражен!

Ако сакаш со некого да бидеш далечен,
стани му сосед!

Иронија е
Каин да проповеда братство!

Се заканува мат:
на потег се мрднатите!

За да не гледа сè црно,
го фрлија во снегот!

Венера и е слична на Земјата:
и на неа нема живот!

Темницата не се победува
со самозапалување!

Им се крстиме од чудо,
а тие мислат дека се свети!

Јајцата се толку скапи
зашто на некои секој ден им е Велигден!

Можеби животот би бил музика
кога не би имало толку диригенти!

Се вели: мракот паѓа.
Значи, одозгора е!

Човекот е најголемо богатство
само ако не се експлоатира!

Отворете му касапница -
сака да влезе во историјата!

Нормално е голите да бидат сонцељупци!

# БЕЛЕШКА ЗА СОСТАВУВАЧОТ



ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ е роден 1956 година. Дипломирал на машинскиот факултет во Скопје. Застапен е во неколку антологии, домашни и во странство. Редовен учесник е на најголемите фестивали за хумор и сатира на Балканот.

Авторски книги му се: “Четири чекори до вистината” (“Студентски збор” - Скопје, 1988); “Музика за глуви” (самоиздание - Скопје, 2006); “Исусе, Луцифер нè вика” (“Алма” - Белград, 2007); “Македонијо, мајко, кој ми е татко” (“Алма” - Белград, 2010), “Библија за неверници” (“Макформ” - Скопје,2013).

Подготвувач е на антологиите и зборниците: “Нашите пријатели” (“Макформ” - Скопје, 2007), “Антологија на македонскиот афоризам” (“Алма” - Белград, 2007 - македонско/српски јазик), “Антологија на македонскиот афоризам” (“Алма”- Белград, 2007, на српски јазик),” Антологија на балканскиот афоризам” 1 и 2 (“Алма” - Белград, 2008, македонско/српски јазик), “Нашите пријатели” 2 (“Алма” - Белград, 2008); “Бисери на балканскиот афоризам” 1, 2 и 3 (“Алма” -Белград, 2010, на српски јазик), Антологија на балканскиот афоризам (“Макформ” - Скопје, 2012).

Добитник е на наградите: ”13 Ноември” на градот Скопје (2008), од областа на публицистиката; ”Радоје Домановиќ” (2007), за светски придонес на сатирата; ”Драгиша Кашиковиќ” (2008), за најдобра балканска антологија; ”Трим еротикон” (2007), за блок еротски афор-

изми; ”Шабачка чивијада” (2007 и 2008), за афоризми и сатирична приказна;”Ин Виница веритас” (1994), за монодрама и хумореска; ”Јежев хумор” (1998), за хумореска на годината; ”Златен прстен” на Денови на хуморот, (2011, Босна и Херцеговина); ”Златен круг” на Сатира фест, (2012, Србија); ”Наџи Наман” (2012, Либан) - за литературна имагинација; ”Носорог од Прв ред” (2012, Бања Лука);

Главен и одговорен уредник на весникот за хумор и сатира ”Македонски остен”,”Остен” и ”Студентски збор”.

Претседател на здружението на хумористи и сатиричари ”Остенови”. Член на БАК (Белградски афористичарски круг).

Афоризмите му се преведени на германски, англиски, романски, полски, бугарски, италијански, шпански, словенечки и српски јазик.

Живее и работи во Скопје.

ciletolevski@yahoo.com
www.vasiltolevski.com.mk

СОДРЖИНА

ЗБОРНАСОСТАВУВАЧОТ....5

ЈОВАН АЛАЃОЗОВСКИ .... 11
МИТКО АЛАЧКИ .... 12
МИХАИЛ АНДРЕЕВ .... 13
МАРЈАН АНЃЕЛОВСКИ .... 14
ДРАШКО АНТОВ .... 15
ЈАНЕ АТАНАСОВ .... 16
САШО БЕТОСКИ .... 17
ТОДЕ БЛАЖЕВСКИ .... 18
ИВАН БОЈАЏИСКИ .... 19
МИЛЕ БОЈАЏИСКИ .... 20
САШО БРАЖАНСКИ .... 21
КИРЕ ВАСИЛЕВСКИ .... 22
ЕФТИМ ГАШЕВ .... 23
СТАМЕН ГЕОРГИЕВСКИ .... 25
ЗОРАН ГРОЗДАНОВСКИ .... 27
БЛАЖЕ ДОКУЛЕВСКИ .... 28
ВИТОМИР ДОЛИНСКИ .... 29
КОНСТАНТИН ДОРАКОВСКИ .... 30
СУЗАНА ЃОРГИЕВСКА .... 31
ХРИСТО ЃОРЃИЕВСКИ - СПАНАЌОТ .... 32
НАТАША ЃОРЃИЈОСКА .... 33
МИЛЕ ЃОРЃИЈОСКИ .... 34
ГРАДИМИР ЗДРАВКОВИЌ .... 36
ДИМИТАР ИЛИЕВ - ВИЛАЗОРСКИ .... 37
ИЛИЈА ИЛИЕВ .... 38
ДУКАН ЈЕЛЕН .... 39

НАУМ ЈОВАНОВСКИ .......... 41
ВЛАДО ЈОЦИЌ .......... 42
ИВАН КАРАДАК .......... 43
СТОЈАН КИСЕЛИНОВСКИ .......... 47
КАМЕНА КЛИНЧАРСКА .......... 48
ВЕЛЕ КОЦЕСКИ .......... 49
ДУШКО КРАЛЕВСКИ .......... 50
АТАНАС КРЛЕВСКИ .......... 51
ГОРАН КРСТЕВСКИ .......... 53
АЛЕКСАНДАР КУЈУНЏИСКИ .......... 54
МИХАИЛ ЛЕВЕНСКИ .......... 55
ДИМИТРИ ЛЕШНИКОСКИ .......... 56
ОСКАР МАМУТ .......... 58
ДАРКО МАРКОВИЌ .......... 59
МИЛЕ МИЛЕВСКИ .......... 61
ЈАНЕ МИРЧЕВСКИ .......... 62
ЗОРАН МИХАЈЛОВ .......... 63
ПЕТАР НАНЕВСКИ .......... 65
ЖИВКО НАУМОВСКИ .......... 66
ВЛАДИМИР НЕЈАШМИЌ-БАТО .......... 67
ОЛГА НОВАЧЕВА .......... 69
ТОНИ ПАВЛЕСКИ .......... 70
ЖИВКО ПАВЛОВ .......... 71
ЃОРГИ П. ПАНОВ .......... 73
ДИМИТРИЕ ПАНЧЕВСКИ .......... 74
СТОЈАН ПАЧООВ .......... 75
БОШКО ПЕРИНСКИ .......... 76
СТОЈАН ПЕТКОВСКИ .......... 78
ХРИСТО ПЕТРЕСКИ .......... 80
БРАНКО ПЕТРИНСКИ .......... 81
ПАНДЕ ПЕТРОВСКИ .......... 82
БОЖИДАР ПЕШЕВ .......... 84
ВАНЧО ПОЛАЗАРЕВСКИ .......... 85
ИЛИЈА ПОПОВСКИ .......... 87
МЕТОДИ ПРАНГОВСКИ .......... 88

ЕФТИМ ПРОЕВСКИ ........................................................ 90
СЛОБОДАН РОШКОВСКИ ................................................ 91
АЉОША РУСИ ................................................................ 92
ИВАН РУСЈАКОВ ........................................................... 93
СИМЕОН РУСЈАКОВ ..................................................... 95
ЉУПЧО СИЛЈАНОВСКИ ................................................ 96
БОШКО СМАЌОСКИ .................................................... 98
ДИМИТАР СПАСЕВСКИ ............................................. 100
БЛАГОЈА СТАМАТОВСКИ ......................................... 101
РИСТО СТОЈАНОВСКИ .............................................. 102
ТОНИ СТОЈКОВСКИ .................................................. 103
ЛЕНЧЕ СТОЈМЕНОВА ............................................... 104
ЃОРЃИ СТОЈЧЕВСКИ ................................................. 105
НИКОЛА ТАЛЕВСКИ .................................................. 106
ЃОКО ТАСЕВСКИ-КОСКА .......................................... 107
САНДЕ ТАСЕВСКИ ..................................................... 108
БЛАГОЈА ТАСЕСКИ ................................................... 109
БОЖИДАР ТОДОРОВСКИ - БОДЛЕ ........................... 111
ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ ..................................................... 112
НИКОС ТОМОВСКИ ................................................... 116
АНАСТАС ЌУШКОСКИ ............................................... 117
ЉУБЕН УЗУНОСКИ-ФИТИЉ ...................................... 118
КИРО УРДИН ............................................................... 119
КОЧО УРДИН ............................................................... 120
КОСТАДИН УСТАПЕТРОВ ......................................... 122
РИСТО ФИЛЧЕВСКИ ................................................... 124
ГЕОРГИ ХАЏИ-ВАСКОВ ............................................ 127
ЉУПКА ЦВЕТАНОВА ................................................. 129
СПИРО ЏАЈКОВ .......................................................... 130
НЕНАД ЏАМБАЗОВ .................................................... 131
ИЛИЈА ЏОРЛЕВ .......................................................... 132
ВЛАДИМИР ШОПОВ ................................................... 133
МИРОСЛАВ ШТЕРЈОСКИ .......................................... 134
СОФЕ ШТЕРЈОСКИ .................................................... 136
Белешка за составувачот ............................................. 139